# Национална канцеларија за бродбенд компетентност

Димитар Буковалов

Клуб на пратеници, Скопје
11.12.2019 година

- Согласно Законот за електронски комуникации, Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) претставува седумчлено експертско и советодавно тело за поддршка на инвестициите во бродбенд мрежи.

- На 25.10.2019 година, одржана е конститутивната седница на НКБК, избран е заменик на претседател на НКБК и Деловник за работа на НКБК.

- Согласно законот, МИОА ја обезбедува веб страницата на НКБК, административните капацитети, технички, просторни и други услови неопходни за работењето на НКБК.

# Законски надлежности на НКБК

- Учествува, дава мислења и предлози,  :
  - за постигнување на побрз развој на електронските комуникации (особено на бродбендот во државата).
  - при подготовката на национални стратешки документи/планови поврзани со развојот на бродбендот,
  - при подготовката на планови за промоција на бродбендот.

- Го следи спроведувањето на усвоените национални бродбенд стратегии/планови, дава мислења и предлози за ревидирање на истите.

- НКБК учествува во работата на ЕУ мрежата на канцеларии за бродбенд компетентност.(https://ec.europa.eu/digital-single-market/en/broadband-competence-offices)

# Законски надлежности на НКБК

- Обезбедува експертска/советодавна помош на јавни институции/претпријатија/трговски друштва во целосна државна сопственост:
  - при подготовка/имплементација на планови/проекти за развој на бродбенд мрежи,
  - развој на оптичката инфраструктура која е изградена или ќе се гради со јавни средства.

- При користење на државна помош за развој на бродбенд мрежи, учествува на јавни расправи и обезбедува експертска/советодавна поддршка :
  - при утврдување на целни области каде ќе се користи државна помош,
  - за можни технички решенија, инвестициски и бизнис модели, итн.
  - при утврдувањето на локациите за обезбедување бесплатен безжичен WIFI интернет пристап во општините,

# Отчетност на НКБК

За својата работа одговара пред министерот за информатичко општество и администрација.

На својата веб страна (http://bco.mioa.gov.mk/) ја информира јавноста за:

- своите активности во спроведувањето на надлежностите,
- развојот на бродбенд пазарот во државата во однос на бродбенд пазарот во ЕУ (согласно со DESI),
- спроведувањето на усвоените бродбенд стратегии/планови,
- исполнувањето на националните бродбенд таргети.

# Обврски на НКБК  (согласно НОБП)

Соработува со оператори, ЈП МРД, АЕК и други јавни институции, обезбедува експертска/советодавна помош при:

- подготовката на Анализа за постојната состојба на оптичката инфраструктура изградена со јавни средства и можно нејзино користење за изградба и развој на НТОМ.
- утврдувањето на локации за обезбедување бесплатен безжичен WiFi интернет пристап во општините.
- утврдување на  Бели/Сиви зони, утврдување на Централни точки во истите, утврдување на Целни области.
- подготовката на Студијата  за изводливост на НТОМ .
- подготовката на Студиите  за изводливост на NGA мрежи во Белите зони.
- избор на Бизнис моделот за конкретна Целна област.
- јавната набавка за избор на оператор во една Целна област.
- утврдувањето на максималната вредност на очекуваните малопродажни месечни цени за домаќинства во Целна област, како и очекуваните месечни надоместоци за оператор.
- подготовка на Студија за проширување на надлежностите на ЈП МРД, итн

# Досегашни активности на НКБК

- До 11.12.2019 година, одржани се шест состаноци.

- Одржани се состаноци со претставници на:
  - Светска Банка во однос на подготовката на Студијата за изводливост на НТОМ.
  - МИОА во однос на надлежностите на идната Дигитална Агенција (усвоено е официјално мислење на НКБК)
  - МЕПСО во однос на поднесената апликација за добивање на техничка помош до WBIF за развој на оптичката мрежа (усвоено е официјално мислење на НКБК)

# Планирани активности на НКБК

**(декември 2019 –јануари 2020)**

- Усвојување на Методологија за DESI.

- Планирани состаноци со:
  - ЈП МРД по однос на процесот на мапирање на јавните институции и локациите за обезбедување бесплатен безжичен WIFI интернет пристап во општините.
  - Владината меѓуресорска работна група за подготовка на Анализата за состојбата на оптичката инфраструктура изградена со јавни средства и можно нејзино користење за изградба и развој на НТОМ.
  - АЕК по однос на процесот на верификација на бели/сиви и црни зони, потребни податоци од операторите за утврдување на развојот на бродбенд пазарот во државата во однос на бродбенд пазарот во ЕУ (согласно со DESI), неопходни измени во законската и подзаконската регулатива.
  - ЈП МЖ во однос на нивните планови за развој на нивната оптичка инфраструктура.
  - ЗЕЛС по однос на имплементацијата на НОБП.
  - Министерството за транспорт и врски по однос на имплементацијата на НОБП и Проектот за реконструкција на локалните патишта.